РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-535/7
18-08-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 21 – та седница одржана на 15.08.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 09-535/1 од 28.01.2025 година, оформен по пријава против службените лица --------, ВД директор на СГГУ ------- и --------, помошник директор и претседател на Училишниот одбор на СГГУ --------, СЕ ЗАПИРА.
По утврдување на фактичката состојба, ДКСК констатира дека наводите од пријавата се потврдуваат, не е утврдена повреда на одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, но заради постоење на континуиран потенцијален судир на интереси да се достави укажување до директорот на , за надминување на настанатата состојба.
Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-535/1 од 28.01.2025 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител во која се изнесуваат наводи за постоење на состојба на судир на интереси кај службеното лице --------- која извршува две функции помошник директор и претседател на Училишниот одбор на СГГУ -------, како и неправилности во работењето на ВД директор на СГГУ ------, ----------. Според пријавителот, ВД директорот на споменатото училиште преку назначување на својата блиска соработничка ---------- за помошник директор и претседател на Училишен одбор на СГГУ ------- ги наметнува своите интереси и се носат одлуки според желбата на спомената директорка.
На ден 19.06.2025 година пристигната е нова дополнителна анонимна пријава во која е наведено дека лицето ----------, и по истекување на мандатот како член на Училишен одбор на СГГУ ---- на ден 18.03.2025 година повторно е избрана на истата функција.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Заради утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, Државната комисија се обрати до на СГГУ --------, по што врз основа на добиените одговори и прибавената документација се утврди следново:

Лицето --------- е вработена во СГГУ ------- од 09.11.2011 година на работно место Наставник по физика. Истото лице по предлог на Наставничкиот совет на СГГУ ----- е избрано за претставник на наставниците, во Училишниот одбор на истото училиште со Одлука со бр. 02-191/1 од 05.03.2021 година. Со Одлука бр. 02-1053/3 од 30.08.2024 година на Училишниот одбор на СГГУ -----, ------- е избрана за претседател на Училишниот одбор. Понатаму, ВД Директорот на СГГУ ---------, ------------ донела Решение за назначување на помошник директор со бр. 04-1003/1 од 09.08.2024 година со кое лицето ----------- е назначена за помошник директор на училиштето.

Одредбите од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020), релевантни за конкретната ситуација, го утврдуваат следното:

- член 89 – а:

„Училишниот одбор на општинското средно училиште, односно средното училиште на Градот Скопје:
- донесува статут;
- предлага годишна програма за работа и извештај за работа до советот на општината;
- предлага годишен финансиски план до основачот;
- предлага завршна сметка до основачот;
- објавува јавен оглас за именување на директор;
- врши интервју со кандидатите за директор;
- од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за именување на директор, му предлага на градоначалникот на општината еден кандидат;
- поднесува предлог до директорот за престанок на работниот однос на лицата од членот 70 ставови 1 и 2 на овој закон;
- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во училиштето;
- одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици и
- разгледува и други прашања утврдени со статутот на општинското училиште.“

- член 92:

„Директорот на јавно училиште, односно органот на раководење на приватното средно училиште ја организира и раководи воспитно-образовната и друга работа, самостојно

донесува одлуки, го застапува училиштето пред трети лица и е одговорен за законитоста на работата на училиштето.

Во остварувањето на обврските и раководењето од став 1 на овој член директорот:
- ја предлага годишната програма за работа и презема мерки за нејзино спроведување;
- ги извршува одлуките на училишниот одбор;
- врши избор на наставници и стручни соработници и друг административно-технички кадар;
- врши контрола врз начинот на водењето на професионалните досиеја утврдени во членот 68 став 4 од овој закон;
- одлучува за распоредување на наставници, стручни соработници и друг административно-технички кадар;
- одлучува за престанок на работниот однос на наставниците и стручните соработници и друг административно-технички кадар;
- поднесува извештај за успехот и за постигнатите резултати во воспитно-образовната работа до Биро за развој на образованието;
- го реализира планот од годишната програма за посета на часови на наставниот кадар во училиштето во соработка со стручната служба во училиштето, за што составува препораки и забелешки од остварената посета кои се приложуваат кон професионалното досие на наставникот,
- поднесува извештај за реализација на годишната програма до министерството, а за општинските училишта и до општината, односно Градот Скопје и
- врши и други работи предвидени со закон и со статутот на училиштето.

Директорот на државното училиште поднесува извештај за материјалното работење на училиштето во текот на учебната година до училишниот одбор и до Министерството, а директорот на општинското, односно училиштето на Град Скопје до училишниот одбор на училиштето и до надлежниот орган на единицата на локалната самоуправа.
Министерот, односно органот на локалната самоуправа имајќи го предвид мислењето на училишниот одбор, а во основа на извештаите на директорите на јавните училишта, ја оценува нивната работа."
Согласно Статутот на СГГУ ---------------------:
- член 10

„Училиштето го застапува и претставува директорот на Училиштето.
Во случај на отсуство на директорот Училиштето во целост го застапува, односно претставува помошникот директор на училиштето или друго лице овластено од страна на директорот."

- член 12

„Директорот во рамките на своите надлежности може да овласти друго лице за преземање одредени правни дејствија."

- член 13

„Назначување на лица со посебни овластувања и одговорности (помошник директор и раководител на настава/струка), со решение врши директорот на училиштето врз основа на Правилникот за систематизација на работни места."

Во конкретната ситуација, ДКСК утврди дека се работи за службено лице, вработено во СГГУ --------- и назначено како помошник директор од страна на директорот на истото училиште, кое ќе го заменува, односно застапува директорот во негово отсуство. Од друга страна, истото лице како член на Училишниот одбор на ова училиште, заедно со другите членови, ќе делегира одлуки на директорот кој треба да ги изврши. Исто така, директорот на општинско училиште поднесува извештај за материјалното работење на училиштето во текот на учебната година до училишниот одбор, што значи членот на Училишниот одбор кој воедно е и помошник директор ќе врши надзор на работата на директорот.

Ваквата состојба претставува можност за влијание на приватниот интерес на службеното лице врз непристрасното вршење на јавните овластувања/службени должности, односно доведување во состојба на судир на интереси и постапување спротивно на законски утврденото начело на интегритет.

Од горенаведеното неспорно произлегува дека службено лице не треба во исто време да биде назначено/овластено лице за помошник директор на СГГУ --------- и за член на Училишниот одбор на истото училиште. Од тие причини, Државната комисија ќе достави укажување до директорот на училиштето за констатираните состојби и ќе побара да се надминат истите.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

По заклучок од седница на ДКСК:
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: З.Б – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk